# МАШИНА ЗА КАНТИРАЊЕ

## RK-5ALL-PREMIUM+



Машина за кантирање од премиум серијата на RADEK, опремена со многубројни функции за добивање на перфектен финиш на секое изработено парче. Идеална за индустрии кој сакаат да го подобрат производството и зголемат капацитетот на кантирањето со брзина до 23 метри во минута. Голем дисплеј на допир со автоматско подесување на дебелината на панелот. Цврста конструкција која овозможува стабилност и сигурност во работата. Додадена е дополнителна единица со преси (тркала) за да се елиминира можноста од помрднување на панелот при процесот на обработката.
Во однос на стандардниот модел, RK-5ALL-PREMIUM+ (плус) доаѓа со повеќе практични надградби: брзо заменлив канистер за лепак со 2 канистри во сетот, дополнителни рамни скалпери за почист финиш, 3 автоматски пумпи за подмачкување, 21.5-инчен дисплеј со прегледен интерфејс и можност за опционално хоризонтално бушење.

| | |
|---|---|
| Ширина на панелот | минимум 80mm |
| Дебелина на панелот | 10-60mm |
| Дебелина на трака | 0.4-3mm |
| Брзина на обработка | 15-23m/min |
| Работен притисок | 6 bar |
| Моќност на предфрезери | 2.2kW (x2) |
| Моќност на крајно сечење | 0.37kW (x2) |
| Моќност на груби фрези | 0.75kW (x2) |
| Моќност на фини фрези | 0.75kW (x2) |
| Моќност на корнер фрези | 0.37kW (x2) |
| Моќност на полирки | 0.37kW (x2) |
| Моќност на транспортер | 4kW |
| Вкупна моќност | 16.5kW |
| Димензии на машината | 6600x1000x1600mm |
| Димензии на пакување | 6800x970x1800mm |
| Тежина | 2450kg |



**21.5-ИНЧЕН ДИСПЛЕЈ**

Машината е опремена со 21.5-инчен дисплеј со јасен и прегледен интерфејс. Сите функции се лесно достапни, што овозможува едноставно управување, побрзи подесувања и поудобна работа за операторот.



**ПОЧЕТНА ХЕМИЈА**

Овозможува нанесување на средство на панелот против остатоци од лепак.



**ПРЕД-ФРЕЗЕРИ**

Дизајнирани да ги елиминираат оштетувањата од кроењето. Изработени со дијамантски секачи и дополнителни дувалки за да ги отстранат остатоците од парчето кое се кантира со цел квалитетно лепење на траката. Контролата на двата предфрезери се врши со висококвалитетни пневматски цилиндри.



**ПРЕД-ЗАГРЕВАЊЕ**

Овозможува пред-загревање на панелот кој е неопходна основа за високо квалитетно кантирање, особено важно за во зимскиот период.



**НАНЕСУВАЊЕ ЛЕПАК**

Канистерот е дизајниран за лепак во гранули со капацитет од 4 литри. Овозможено е осетливо подесување на количината на лепак за да не дојде до нанесување на преголема или премала количина на лепак.



**БРЗО ЗАМЕНЛИВ КАНИСТЕР ЗА ЛЕПАК**

RK-5ALL-PREMIUM+ е опремена со брзо заменлив канистер за лепак, што овозможува побрза работа и полесно одржување. Во стандардниот сет доаѓаат 2 канистри – едниот може да се користи за бел лепак, а другиот за транспарентен лепак, или да служи како резервен додека првиот се чисти.



**ПНЕВМАТСКИ РОЛЕРИ**

6 пневматски ролери, 4 идентични, 1 со поголем дијаметар и 1 со гумен материјал кој овозможуваат притисок за одлично лепење на траката.



**КРАЈНО СЕЧЕЊЕ**

Прецизно сечење на краевите од панелот со две пили со голем број на вртежи (12.000)



**ГРУБИ ФРЕЗИ**

Прецизна обработка на горниот и долниот дел од панелот со два РАМНИ фрезери со голем број на вртежи (12.000)



**ФИНИ ФРЕЗИ**

Прецизна обработка на горниот и долниот дел од панелот со два фрезери со РАДИУС (R1,R2,R3) и голем број на вртежи (12.000)



**КОРНЕР ФРЕЗА**

Прецизна обработка на ќошевите од двете страни на панелот со два фрезери со РАДИУС (R1,R2,R3) и голем број на вртежи (18.000)



**ДОПОЛНИТЕЛНИ РАМНИ СКАЛПЕРИ**

Покрај стандардните радиусни скалпери, RK-5ALL-PREMIUM+ располага и со дополнителни рамни скалпери. Ова овозможува уште подобра финиш обработка, почиста површина и поквалитетен изглед на кантот.



**РАДИУС СКАЛПЕРИ**

Скалпери со радиус за фина доработка на линијата на работ од панелот за да го направи мазен.



**ЗАВРШНА ХЕМИЈА**

Овозможува нанесување на средство на панелот за чистење на остатоците од лепак.



**ПОЛИРКИ**

Крајна обработка на панелот со полирање за да се овозможи уште помазен финиш.



**АВТОМАТСКИ СИСТЕМ ЗА ПОДМАЧКУВАЊЕ**

RK-5ALL-PREMIUM+ е опремена со 3 автоматски пумпи за подмачкување, за разлика од стандардната изведба која располага со 1 автоматска и 2 рачни точки за подмачкување. Автоматскиот систем овозможува полесно одржување, постабилна работа и подолг век на механичките компоненти.



**ОПЦИОНАЛНО**

Повратната трака е интелигентно решение кое значително ја зголемува продуктивноста и ја намалува потребата од работна сила. Компатибилна со кантерицата RK-5ALL-PREMIUM+, оваа трака автоматски го враќа обработеното парче назад до операторот, овозможувајќи целосна работа од страна на само едно лице – без дополнителна помош.



**ОПЦИОНАЛНО ХОРИЗОНТАЛНО БУШЕЊЕ**

Опционалната единица за хоризонтално бушење има сензор кој го следи парчето и прецизно одредува каде да се буши. Одлично решение во комбинација со CNC nesting – вертикалното бушење се изведува на CNC машината, а хоризонталното на кантерката. Овозможува подготовка и за типла и ексцентар систем.

# ПОВРАТНА ТРАКА

## RK-CB5-PRO



Повратната трака е интелигентно решение кое значително ја зголемува продуктивноста и ја намалува потребата од работна сила. Компатибилна со кантерицата RK-5ALL-PREMIUM, оваа трака автоматски го враќа обработеното парче назад до операторот, овозможувајќи целосна работа од страна на само едно лице – без дополнителна помош.
Со ова дополнување, RK-5ALL-PREMIUM станува уште пофункционална, особено за работилници кои имаат ограничен број на оператори, но сакаат континуитет и максимална ефикасност.

| | |
|---|---|
| Вкупна моќност | 1.6 kW |
| Напон | 380V, 50Hz, 3-фазен |
| Мотор | марка Guoyou |
| Инвертер | марка Guoyou |
| PLC контролер | марка Guoyou |
| Тип на трака | PE (темно зелена), дебелина 3mm |
| Димензии на главната трака | 9000x1285x900mm |
| Носечка конструкција | Алуминиумски профил 40x80mm |
| Главна рамка | 3 mm лим, свиткан и заварен, со надворешен премаз |
| Носивост | ≤ 80 kg/m |
| Работна брзина | 10 – 35 m/min |
| Тежина | 1.1 T |